# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА
# ОПШТИНА
# МАКЕДОНСКА
# КАМЕНИЦА
## БРОЈ 24

*Година XV*
*Македонска Каменица* *28.11.2011*
*Излегува по потреба*
*гласникот е бесплатен*

***ноември 2011***
***МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА***

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002) и член 39 од Статутот на ЕЛС М.Каменица („Сл.гласник на општина М.Каменица бр.4/2005), Градоначалникот на ЕЛС М.Каменица донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Правилник**

1.Се прогласува Правилникот за попис на основни средства, инвентар, недвижен и подвижен имот и побарувања и обврски на општина М.Каменица

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на ЕЛС Македонска Каменица.

**Бр.08- 1724/1**
**28.11.2011 г.**
**М.Каменица**

**Градоначалник**
**м-р Дарко Митевски с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002), член 21 од Законот за саметководство на буџетите и буџетските корисници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 61/02,98/02, 81/05 и 24/11) и член 21 од Статутот на Општина Македонска Каменица („Службен гласник на општина Македонска Каменица бр. 4/05), Советот на ЕЛС М.Каменица на седницата одржана на ден 28.11.2011 година донесе:

**П Р А В И Л Н И К**
**За попис на основни средства, инвентар, недевижен и подвижен имот и побарувања и обврски на Општина Македонска Каменица**

**Основни одредби**

Член 1

Со овој Правилник се уредува начинот на извршување на пописот на основните средства, инвентар, недвижен и подвижен имот и побарувања и обврски на општина Македонска Каменица, и тоа: вид на попис, предмет на пописот, вид на средствата за попис, време на вршење на пописот, формирање на комисија за попис, изготвување на конечен извештај од пописната комисија, и донесување на одлуки во врска со пописот.

Член 2

За да годишниот, односно периодичниот биланс на состојба на буџетскиот корисник дадат реална слика за состојбата на средствата и обврските спрема изворите на средства, неопходно е буџетскиот корисник да ја усогласи состојбата на своите

средства и нивните извори во деловните книги со вистинската , фактичка состојба. Фактичката состојба на средствата и нивните извори се утврдува со пописот на средствата и нивните извори.

Член 3

Со пописот се утврдува состојбата на паричните средства, материјалните и нематеријалните средства кои се во употреба, вон употреба и во подготовка, материјалите, резервните делови, ситниот инвентар, побарувањата, обврските, средствата на други субјекти кои се наоѓаат во ЕЛС М.Каменица и сопствените средства на ЕЛС М.Каменица кои се наоѓаат кај други субјекти на ден 31 декември.

Член 4

Предмет на пописот во општина Македонска Каменица се:
-основните средства
- ситен инвентарот
-недвижниот имот
-побарувања и обврски
-парични средства на благајната

Вид на пописот

Член 5

Одлука за вршење на попис донесува Градоначалникот на општината.

Во зависност од времето на вршење, пописот може да биде редовен и вонреден.

Редовен попис се врши на крајот на секоја буџетска година, со утврдување на вистинската состојба на средствата и нивните извори заклучно со 31 декември на буџетската година.

Редовниот попис може да почне и пред истек на буџетската година, но состојбата се утврдува со 31 декември за буџетската година.

Вонредниот попис може да се изврши за време на предавање на должност, статусни промени, по потреба на буџетскиот корисник и во други случаи утврдени со закон.

Вонредниот попис, во зависност од обемот може да биде целосен и делумен.

Предмет на пописот

Член 6

Со редовниот попис се утврдува состојбата на сите средства и обврски спрема изворите на средства затечени кај буџетскиот корисник на денот на пописот, без оглед на тоа дали тие средства припаѓаат на буџетскиот корисник или се наоѓаат кај него по некој правен основ.

Средствата кои не му припаѓаат на буџетскиот корисник се попишуваат на посебни листи, со назнака каде се наоѓа конкретното средство и потребно објаснување.

Еден примерок од овие пописни листи се доставуваат на другиот буџетски корисник или правно лице кое е сопственик на тие средства.

Состојбата на средствата на буџетскиот корисник кои се наоѓаат кај друг буџетски корисник или се дадени на користење на друг, на послуга, средства на поправка, буџетскиот корисник е должен да ги попише.Тие средства се попишуваат на посебни пописни листи, со назнака каде се наоѓа конкретното средство и потребно објаснување.

Буџетскиот корисник е должен од другиот буџетски корисник или правното лице кај кое се наоѓаат овие средства да бара да му достави пописна листа на овие средства, доколку истата не му се достави на време.

За средствата кои му припаѓаат, а кои не се затечени кај него на денот на пописот, буџетскиот корисник е обврзан на комисијата за попис да и ги презентира оригиналните реверси потпишани од негова страна и од страна на другиот буџетски корисник или правно лице на кое тие средства му се дадени на користење, послуга, поправка и сл.

Рок за извршување на пописот

Член 7

Роковите во кои комисијата за попис физички го извршуваат пописот се определуваат со Одлука за попис која ја донесува Градоначалникот на општината.

Доколку во Одлуката не е определен точниот датум за започнување и завршување на пописот, Комисијата за попис го врши пописот заклучно со 31 декември.

Промените настанати од денот на пописот до 31 декември во буџетската година се внесуваат во пописните листи додатно, врз основа на веродостојни документи (испратница, фактура и сл.).

Припреми за попис

Член 8

За да се пописот изврши квалитетно и благовремено, неопходно е буџетскиот корисник да изврши потребни припреми.

Под припреми за попис се подразбираат припреми кои се спроведуваат во книговодството на буџетскиот корисник и припреми кои се вршат во службените простории на буџетскиот корисник.

Припремите во буџетското книговодство опфаќаат ажурирање на евиденцијата во материјалното и финансиско книговодство.

Припремата кај пописните комисии подразбира изработка на план за работа на Комисиите , по кој ќе се извршува пописот, а во кој треба да се опфатат сите претходни дејствија, дејствијата за време и по извршениот попис.

Во припремните работи се опфатени и обезбедување на материјали за спроведување на пописот, кои подразбираат соодветни обрасци на пописни листи, пописни блокови и канцелариски материјал.

Одредување на комисија **за** попис

Член 9

Пописот на средствата и обврските го врши комисија формирана од Градоначалникот на општината.

Комисијата ќе биде составена од Претседател и двајца членови и нивни заменици, од редот на вработените во општинската администрација.

Спроведување на пописот

Член 10

По извршените припремни работи, пописната комисија пристапува кон вршење на попис по утврдениот план, организирајќи ја својата работа како би се пописот извршил квалитетно и во што пократок период. Комисијата работи во полн состав и во присуство на лицата задолжени со средствата.

Членовите на комисијата за попис имаат полна одговорност за точноста на состојбата утврдена со пописот, за правилно составување на пописните листи, благовремено извршување на пописот и точноста на извршениот попис.

Член 11

Пописот се врши со броење и слично во зависност од предметот на пописот и податоците се внесуваат во пописните листи, а потоа членовите на пописната комисија ги потпишуваат пописните листи. Една копија се дава на лицето задолжено со тие средства.

Пописот на готови пари, состојба на жиро сметката и слично, се врши последниот работен ден од годината, по завршување на работата.

Пописот на побарувања и обврски се врши спрема состојбата во книговодство, а комисијата ги проверува и утврдува реалноста и искажаните износи.

Усогласување на состојбата со пописот со книговодствената состојба

Член 12

По извршениот попис комисијата во пописните листи ја внесува состојбата на средствата, а потоа се врши вредносно усогласување. Усогласувањето се врши по цените, по кои тие средства и материјали се водат во книговодство.

Комисијата потоа ја споредува добиената состојба од пописот со книговодствената состојба, ги утврдува разликите (евентуални вишоци или кусоци) и причините за несогласување.

Извештај за извршениот попис

Член 13

Пописната комисија, по извршениот попис, составува и доставува извештај за извршениот попис до буџетскиот корисник

Извештајот за попис содржи број на одлуката со која е формирана, состав на комисијата која го врши пописот, време во кое е извршен пописот, кои средства се опфатени со пописот, евентуално утврдени кусоци и вишоци, сите прилози, писмени забелешки, предлози и потписи на членовите на комисиите.

Конечниот извештај со сите забелешки и предлози, пописната комисија го доставува до Советот на општината.

Член 14

Советот на општината, по разгледување на конечниот извештај ги донесува следните одлуки:

- За начинот и утврдување на вишоците и кусоците;
- За директен отпис и отпис со исправка на вредностите на поединечни средства, побарувања и обврски;
- За расходување на дотраени и неупотребливи средства;
- За други прашања во врска со извршениот попис.

Член 15

По разгледување, Советот донесува Одлука за усвојување на конечниот извештај од спроведениот попис, во која се содржани и сите предлози во врска со член 14 од овој Правилник.

Член 16

Конечниот извештај од спроведениот попис, заедно со Одлуките и заклучоците од Советот се доставуваат до Одделението за финансиски прашања, даноци,такси и други надоместоци за понатамошно книжење на утврдените разлики и усогласување на книговодствената со фактичката состојба утврдена со пописот.

Член 17

Измени и дополнувања на овој Правилник се вршат во постапка како неговото донесување.

Член 18

Овој Правилник влегува во сила со неговото донесување а ќе се објави во Службен гласник на општина М.Каменица.

**Бр. 07-1725/1**
**28.11.2011 г.**
**М.Каменица**

**Совет на ЕЛС М.Каменица**
**Претседател**
**Драган Димитровски дипл.руд.инг. с.р.**

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002) и член 39 од Статутот на ЕЛС М.Каменица („Сл.гласник на општина М.Каменица бр.4/2005), Градоначалникот на ЕЛС М.Каменица донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлука**

1.Се прогласува Одлуката за усвојување на финансов извештај

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на ЕЛС Македонска Каменица.

**Бр.08- 1726/1**
**28.11.2011 г.**
**М.Каменица**

**Градоначалник**
**м-р Дарко Митевски с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија„ бр. 5/2002 ) и член 21 од Статутот на општина М.Каменица („Службен гласник на општина М.Каменица" бр. 4/2005), Советот на општина М.Каменица на седницата одржана на ден 28.11.2011 година донесе:

**О Д Л У К А**
**За усвојување на финансов извештај**

**Член 1**

Советот на општина М.Каменица го усвои Финансовиот извештај од МПЦ за изработка на фрескопис на Градската црква Успение на Пресвета Богородица во М.Каменица

Финасовиот извештај на МПЦ е составен дел на оваа Одлука.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на општина М.Каменица

**Бр. 07- 1727/1**
**28.11.2011 г**
**М.Каменица**

**Совет на ЕЛС М.Каменица**
**Претседател**
**Драган димитровски дипл.руд.инг. с.р.**

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002) и член 39 од Статутот на ЕЛС М.Каменица („Сл.гласник на општина М.Каменица бр.4/2005), Градоначалникот на ЕЛС М.Каменица донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлука**

1.Се прогласува Одлуката за исплата на парични средства
2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на ЕЛС Македонска Каменица.

**Бр.08- 1732/1**
**28.11.2011 г.**
**М.Каменица**

**Градоначалник**
**м-р Дарко Митевски с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија„ бр. 5/2002 ) и член 21 од Статутот на општина М.Каменица („Службен гласник на општина М.Каменица" бр. 4/2005), Советот на општина М.Каменица на седницата одржана на ден 28.11.2011 година донесе:

**О Д Л У К А**
**За исплата на парични средства**

**Член 1**
На Културно информативниот центар „Романса" М.Каменица од Буџетот на општина М.Каменица ќе се исплатат парични средства во висина од 60.000,00 (шеесет илјади) денари.

**Член 2**
Средствата предвидени во член 1 на оваа Одлука се наменети за покривање на трошоците за предновогодишниот концерт и за организиран пречек на Новата година на градскиот плоштад во М.Каменица.

**Член 3**
Се задолжува ВД Директорот на КИЦ „Романса" Македонска Каменица да достави финансиски извештај за потрошените средства до Советот на ЕЛС Македонска Каменица.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на ЕЛС Македонска Каменица.

**Бр. 07- 1733/1**
**28.11.2011 г.**
**М.Каменица**

**Совет на ЕЛС М.Каменица**
**Претседател**
**Драган Димитровски дипл.руд.инг с.р.**

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002) и член 39 од Статутот на ЕЛС М.Каменица („Сл.гласник на општина М.Каменица бр.4/2005), Градоначалникот на ЕЛС М.Каменица донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлука**

1.Се прогласува Одлуката за усвојување на финансов извештај

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на ЕЛС Македонска Каменица.

**Бр.08- 1740/1**
**28.11.2011 г.**
**М.Каменица**

**Градоначалник**
**м-р Дарко Митевски с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија„ бр. 5/2002 ) и член 21 од Статутот на општина М.Каменица („Службен гласник на општина М.Каменица" бр. 4/2005), Советот на општина М.Каменица на седницата одржана на ден 28.11.2011 година донесе:

**О Д Л У К А**
**За усвојување на финансов извештај**

**Член 1**

Советот на општина М.Каменица го усвои Финансовиот извештај од Културно информативниот центар „Романса" за потрошените средства за реализација на Програмата на Каменичко културно лето 2011 година.

Финасовиот извештај на МПЦ е составен дел на оваа Одлука.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на општина М.Каменица.

**Бр. 07- 1741/1**
**28.11.2011**
**М.Каменица**

**Совет на ЕЛС М.Каменица**
**Претседател**
**Драган димитровски дипл.руд.инг. с.р.**

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002) и член 39 од Статутот на ЕЛС М.Каменица („Сл.гласник на општина М.Каменица бр.4/2005), Градоначалникот на ЕЛС М.Каменица донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлука**

1.Се прогласува Одлуката за усвојување на финансов извештај

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на ЕЛС Македонска Каменица.

**Бр.08- 1738/1**
**28.11.2011 г.**
**М.Каменица**

**Градоначалник**
**м-р Дарко Митевски с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија„ бр. 5/2002 ) и член 21 од Статутот на општина М.Каменица („Службен гласник на општина М.Каменица" бр. 4/2005), Советот на општина М.Каменица на седницата одржана на ден 28.11.2011 година донесе:

**О Д Л У К А**
**За усвојување на финансов извештај**

**Член 1**

Советот на општина М.Каменица го усвои Финансовиот извештај на Културно уметничкото друштво „Вера Јоциќ" М.Каменица патувањето на меѓународниот фолклорен фестивал во Дуго Село, Република Хрватска

Финасовиот извештај на КУД„ Вера Јоциќ"М.Каменица е составен дел на оваа Одлука.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на општина М.Каменица.

**Бр. 07- 1739/1**
**28.11.2011 г.**
**М.Каменица**

**Совет на ЕЛС М.Каменица**
**Претседател**
**Драган Димитровски дипл.руд.инг. с.р.**

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002) и член 39 од Статутот на ЕЛС М.Каменица („Сл.гласник на општина М.Каменица бр.4/2005), Градоначалникот на ЕЛС М.Каменица донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлука**

1.Се прогласува Одлуката за усвојување на барање

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на ЕЛС Македонска Каменица.

**Бр.08- 1736/1**
**28.11.2011 г.**
**М.Каменица**

**Градоначалник**
**м-р Дарко Митевски с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002) и член 21 од Статутот на ЕЛС Македонска Каменица („Сл.гласник на ЕЛС М.Каменица“ бр.4/2005) Советот на ЕЛС Македонска Каменица на седницата одржана на ден 28.11.2010 година донесе:

**О Д Л У К А**
**За усвојување на барање**

**Член 1**

Советот на Општина Македонска Каменица го усвои барањето на СОУ „ Миле Јаневски Џингар“ од М.Каменица за набавка на машина за чистење на училишната спортска сала .

Барањето од СОУ„Миле Јаневски Џингар" М.Каменица е составен дел на оваа Одлука.

**Член 2**

Се задолжува општинската администрација на ЕЛС Македонска Каменица да спроведе постапка за набавка на машината за чистење на училишната спортска сала согласно Законот.

Средствата за набавката на машината ќе бидат обезбедени од Буџетот на Општина М.Каменица.

**Член 3**

По извршената набавка машината за чистење на училишната спортска сала ќе биде преотстапена на СОУ„Миле Јаневски Џингар" М.Каменица со склучување на Договор за донација помеѓу Градоначалникот на Општина М.Каменица и директорот на СОУ„ Миле Јаневски Џингар" М.Каменица.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на општина М.Каменица

**Бр. 07- 1737/1**
**28.11.2011 г.**
**М.Каменица**

**Совет на ЕЛС М.Каменица**
**Претседател**
**Драган Димитровски дипл.руд.инг с.р.**

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002) и член 39 од Статутот на ЕЛС М.Каменица („Сл.гласник на општина М.Каменица бр.4/2005), Градоначалникот на ЕЛС М.Каменица донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлука**

1.Се прогласува Одлуката за исплата на парични средства

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на ЕЛС Македонска Каменица.

**Бр.08- 1734/1**
**28.11.2011 г.**
**М.Каменица**

**Градоначалник**
**м-р Дарко Митевски с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002) и член 21 од Статутот на ЕЛС Македонска Каменица („Сл.гласник на ЕЛС

М.Каменица" бр.4/2005) Советот на ЕЛС Македонска Каменица на седницата одржана на ден 28.11.2010 година донесе:

**О Д Л У К А**
**За исплата на парични средства**

**Член 1**

На м-р Саша Максимовски ќе му се исплатат парични средства во висина од 30.000,00 денари од Буџетот на општината, за спроведување на истражување за можностите на општината и нејзините потенцијали за јавно приватно партнерство

Барањето на Саша Максимовски е составен дел на оваа Одлука.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на општина М.Каменица

**Бр. 07- 1735/1**
**28.11.2011**
**М.Каменица**

**Совет на ЕЛС М.Каменица**
**Претседател**
**Драган Димитровски дипл.руд.инг с.р.**

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002) и член 39 од Статутот на ЕЛС М.Каменица („Сл.гласник на општина М.Каменица бр.4/2005), Градоначалникот на ЕЛС М.Каменица донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлука**

1.Се прогласува Одлуката за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина М.Каменица за 2011 г.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на ЕЛС Македонска Каменица.

**Бр.08- 1728/1**
**28.11.2011 г.**
**М.Каменица**

**Градоначалник**
**м-р Дарко Митевски с.р.**

Врз основа на член 84 и член 85 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија" бр. 17/2011 ) а согласно Правилникот за степенот на

уредувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредување во зависност од степенот на уреденост („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/20110 и член 21 од Статутот на општина М.Каменица („ Службен гласник на општина М.Каменица" бр. 5/2005), Советот на општина М.Каменица на седницата одржана на ден 28.11.2011 година донесе:

**О Д Л У К А**

**За изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина М.Каменица за 2011 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Македонска Каменица за 2011 година.

**Член 2**

Во точка XI УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО НЕУРБАНИЗИРАНИТЕ СЕЛСКИ НАСЕЛБИ текстот се менува и гласи:

Во неурбанизираните селски населени места во Општина М.каменица и маалите во градот М.каменица кои не се урбанизирани ќе се плаќа надомест за уредување на градежно земјиште по м2 изграден корисен простор и тоа:

- За семејни станбени згради нема надоместок
- За деловни објекти 123,00 денари по м2
- За индустрија и сервиси 38,00 денари по м2

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на општина М.Каменица.

**Бр. 07- 1729/1**
**28.11.2011 г.**
**М.Каменица**

**Совет на ЕЛС М.Каменица**
**Претседател**
**Драган Димитровски дипл.руд.инг с.р.**

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002) и член 39 од Статутот на ЕЛС М.Каменица („Сл.гласник на општина М.Каменица бр.4/2005), Градоначалникот на ЕЛС М.Каменица донесе:

**З А К Л У Ч О К**

**За прогласување на Одлука**

1.Се прогласува Одлуката за усвојување на барање

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на ЕЛС Македонска Каменица.

**Бр.08- 1730/1**
**28.11.2011 г.**
**М.Каменица**

**Градоначалник**
**м-р Дарко Митевски с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002) и член 21 од Статутот на општина М.Каменица („Службен гласник на општина М.Каменица" бр. 4/2005) Советот на општина М.Каменица на седницата одржана на ден 28.11.2011 година донесе:

**О Д Л У К А**
**За усвојување на барање**

**Член 1**

Советот на општина М.Каменица го усвои барањето од жителите на маалта Ѓаци, месна самоуправа Тодоровци, М.Каменица да се асфалтира локалниот земјен пат .

Барањето од жителите на маалта Ѓаци, месна самоуправа Тодоровци, М.Каменица е составен дел на оваа Одлука.

**Член 2**

Се задолжува Одделение за урбанизам, комунални работи, заштита на животната средина и локален економски развој при изготвувањето на Програмата за локални улуици и патишта за 2012 година за територијата на Општина М.Каменица да го предвидат и овој пат.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на општина М.Каменица.

**Бр. 07- 1731/1**
**28.11.2011 г.**
**М.Каменица**

**Совет на ЕЛС М.Каменица**
**Претседател**
**Драган Димитровски дипл.руд.инг с.р**

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002) и член 39 од Статутот на ЕЛС М.Каменица („Сл.гласник на општина М.Каменица бр.4/2005), Градоначалникот на ЕЛС М.Каменица донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлука**

1.Се прогласува Одлуката за утврдување на цена за надомест за експропријација
2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на ЕЛС Македонска Каменица.

**Бр.08- 1722/1**
**28.11.2011 г.**
**М.Каменица**

**Градоначалник**
**м-р Дарко Митевски с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („ Службен весник на Република Македонија" бр. 5/2002) и член 23 од Законот за експропријација ( „ Службен весник на Република Македонија" бр. 33/95, 6/96, 17/96, 20/98, 40/99, 45/00,100/02, 31/03, 46/05, 10/08, 106/08, 23/09, 76/10, 156/10) и член 21 од Статутот на општина М.Каменица („Службен гласник на општина М.Каменица" бр. 4/2005) Советот на ЕЛС М.Каменица на седницата одржана на ден 28.11.2011 година донесе:

**О Д Л У К А**
**За утврдување на висината за надомест на експропријација**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува висината за надомест за ексропријација на местото на КП бр. 444 заведено во Имотен лист бр. 872, КО Каменица.

Експропријација на местото од став 1 на овој член во вкупна површина од 7618 м2 се врши за потребите на Општина М.Каменица за проширување гробиштата.

**Член 2**

Висината на надоместокот за експропријација на местото од член 1 на оваа Одлука е 4 евра по м2, во денарска противвредност по среден курс на Народната банка на Република Македонија.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на општина М.Каменица.

**Бр. 07- 1723/1**
**28.11.2011 г.**
**М.Каменица**

**Совет на ЕЛС М.Каменица**
**Претседател**
**Драган Димитровски дипл.руд.инг с.р.**

**Содржина** **стр.**

**1.Заклучок за прогласување на Правилник 1**
**2.Правилник за попис на основни средства,инвентар,недвижен и подвижен имот и побарувањаи обврски на Општина М.Каменица 1**
**3.Заклучок за прогласување на Одлука 6**
**4.Одлука за усвојување на финансов извештај 6**
**5.Заклучок за прогласување на Одлука 7**
**6.Одлука за исплата на парични средства 7**
**7.Заклучок за прогласување на Одлука 8**
**8.Одлука за усвојување на Финансов извештај 8**
**9.Заклучок за прогласување на Одлука 9**
**10.Одлука за усвојување на финансов извештај 9**
**11.Заклучок за прогласување на Одлука 10**
**12.Одлука за усвојување на барање 10**
**13.Заклучок за прогласување на Одлука 11**
**14.Одлука за исплата на парични средства 12**
**15.Заклучок за прогласување на Одлука 12**
**16.Одлука за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина М.Каменица за 2011 год. 13**
**17.Заклучок за прогласување на Одлука 13**
**18.Одлука за усвојување на барање 14**
**19.Заклучок за прогласување на Одлука 15**
**20.Одлука за утврдување на висината за надомест на експропријација 15**
**21.Содржина 16**